**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр. 03-9**

**10.01. 2023 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21) и член 97 став 2 од истиот Закон, а во врска со член 2 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 3 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 143/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17, 248/18), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-4618/1 од 15.12.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-39/6 од 10.01.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1-та седница одржана на 09.01.2023 г., го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Република Северна Македонија - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 (УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје), заради извршена повреда на член 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што радиопрограмскиот сервис на радиодифузерот на 2-ри декември 2022 година, не го објавуваше својот знак за идентификација најмалку еднаш на секој еден реален час од радиопрограмата.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-4618/1 од 15.12.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 29 од ЗААВМУ е надлежна да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, ЗАВМУ и прописите донесени врз основа на него.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 97 став 2 од ЗАВМУ, знакот за идентификација на радиодифузерот, мора да биде континуирано истакнат за време на емитување на телевизиската програма, односно да се емитуваат најмалку еднаш во текот на еден реален час на радиопрограмата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 15-ти декември 2022 г., изврши редовен административен надзор (мониторинг) на радиопрограмскиот сервис на УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, емитуван на 2-ри декември 2022 г., при што констатираше прекршување на членот 97 став 2 од ЗАВМУ.

Со редовниот административен надзор врз радиопрограмскиот сервис на радиодифузерот, емитуван на 2-ри декември 2022 г. констатирано е дека радиодифузерот не го објавуваше својот знак за идентификација најмалку еднаш во текот на секој еден реален час од радиопрограмата.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-4618/1 од 15.12.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, на 19.12.2022 г., испрати Допис Уп1 бр.10-4618/2 од 19.12.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-4618/1 од 15.12.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 22.12.2022 година. Во предвидениот рок, УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, не се изјасни за стореното прекршување на ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 09.01.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ и член 97 став 2 од истиот Закон, а во врска со член 2 став 1 од Законот за прекршоците и член 3 од Кривичниот законик, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-4618/1 од 15.12.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-39/6 од 10.01.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 09.01.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје и се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-4618/1 од 15.12.2022 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Република Северна Македонија - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9;
- Овластеното лице, Ректор на Република Северна Македонија - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9;
- Одговорното лице на програмата во УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

15-12.2022

10 4618 /

1. Вид надзор: Редовен;

2. Субјект на надзорот: Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје;

3. Период опфатен со надзорот: 2 декември 2022 година;

4. Датум на извршување на надзорот: 15 декември 2022 година;

5. Предмет на надзорот:
   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);
   - Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер);

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз радиопрограмскиот сервис на УНИВЕРЗИТЕТСКОТО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, емитуван на 2 декември 2022 година, на регионално ниво, констатирано е прекршување на членот 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот не го објавуваше својот знак за идентификација најмалку еднаш во текот на секој еден реален час од радиопрограмата.

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиопрограмскиот сервис на УНИВЕРЗИТЕТСКОТО РАДИО

СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, на 2 декември 2022 година, не го објавуваше својот знак за идентификација најмалку еднаш на секој еден реален час од радиопрограмата.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, и согласно со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***